ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Никола Тодоров, министер за здравство

м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство

ПОВЕРЕНИЦИ: Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство

Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за изменување на Законот за јавно здравје

Скопје, август 2014 година

**Република Македонија**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр. 42-6386/1**
**21.08.2014 година**
**С к о п ј е**

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување на Законот за јавно здравје, што го утврди на седницата, одржана на 21.08.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определен Никола Тодоров, министер за здравство и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил:Снежана Маркова – Пендовски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил:Тахир Хани

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со предложените измени се врши усогласување на Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/10 и 136/11), со цел надлежноста за решавање по прекршочните предмети (водење на постапка за порамнување) да се пренесе од Министерството за здравство на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со решенијата содржани во предлог законот се врши промена во надлежноста за решавање по прекршочните предмети (водење на постапка за порамнување).

Предлогот на законот за изменување се заснова на истите начела на кои се заснова и Законот за јавно здравје.

Во Предлог законот е содржано решението според кое Државниот санитарен и здравствен инспекторат ја води постапка за порамнување пред да се поднесе барање за прекршочна постапка.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Законот за изменување на Законот за јавно здравје не предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на Законот за изменување на Законот за јавно здравје не предизвикува фискални импликации за одделни субјекти.

Предлог- закон
за изменување на Законот за јавно здравје

Член 1

Во Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/10 и 136/11), во членот 46 зборовите „Министерството за здравство“ се заменуваат со зборовите „Државниот санитарен и здравствен инспекторат“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со член 1 од предлогот се врши изменување на постојниот член 46 од законот, во кој се предлага Државниот санитарен и здравствен инспекторат да ја води постапка за порамнување пред да се поднесе барање за прекршочна постапка.

Членот 2 е завршна одредба.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани во функција на соодветна практична имплементација на предметниот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи наместо Министерството за здравство, постапката за порамнување да ја води Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ Бр.22/10 и 136/11) ШТО СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 46

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка, за прекршоците утврдени во овој закон, Министерството за здравство води постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.